Комора на психолози на Република Македонија, Конгрес на психолози „*Современите трендови во психологијата*“, 11-12.11.23, Скопје

**Резилиетни снаги и нивна примена во психотерапевтски процес**

Натка Пачоска[1], Тина Дамевска[1], Роза Крстеска[2]

[1]Институт Алтернатива, Европски Акредитиран Тренинг Институт за Системска Психотерапија

[2] Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

Современиот динамичен начин на живеење често луѓето ги доведува до стрес, кризни ситуации или травматски искуства. Бидејќи секој човек е дел од семеен систем тогаш неговата кризна ситуација , влијание на стрес или травматска ситуација станува и семеен стрес, криза или траума. Ваквите индивидуални или семејни состојби можат да доведат до сериозни индивидуални психофизички последици или до дисфункционално семејно справување со ситуацијата. Дали навистина секоја стресна , кризна и травматска ситуација кај сите луѓе или семејства ке доведе до последици или начинот на адаптацијата на тешката ситуација кај поголемиот дел ке ги потикне индивидуалните или семејните резилиентни снаги. Да се биде резилиентен на индивидуално или на семејно ниво е личноста или семејството да се прилагоди на промените да ги искористи сите капацитети за успешна адаптација покрај тешките околности и предизвици и да продолжи адекватно да функционира.

Целта на работилницата е учесниците низ практична работа да ги истражуваат и видат своите лични резилиенти снаги и резилиентните снаги на нивните семејства и како истите можат да се искористат при интервенирање во психотерапевтскиот процес.